Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 01.11.2020

На 31.10.2020 во 22.00 часот во село Вруток од страна на полициски службеници од Полициска станица Гостивар биле приведени Ф.М.(36) од с.Здуње, гостиварско, А.А.(32) од с. Дебреше, гостиварско и В.С.(23) од Гостивар бидејќи кај нив била пронајдена марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.10.2020 во 14,00 часот во Неготино пред угостителски објект на ул. „Маршал Тито", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „шкода фабија" со неготински регистарски ознаки, управувано од З.П.(57), моторцикл „хонда" без регистарски ознаки, управуван од Т.К.(29) и товарно моторно возило„фиат добло" со неготински регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(52), сите од Неготино. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил Т.К. кој бил пренесен во Општата болница Кавадарци за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Неготино.

На 31.10.2020 во 12,00 часот во Скопје во близина на бензиската пумпа на ул.„Христо Татарчев", патничко моторно возило „киа сид" со скопски регистарски ознаки, управувано од К.К.(36) од Скопје, удрило во пешак- 14 годишен малолетник од Скопје. По незгодата малолетникот бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 31.10.2020 во 17,43 часот на граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода С.А.(25) од Р.Србија, бидејќи при проверка во евиденцијата, констатирано е дека лицето имало мерка „Забрана за влез во РСМ". Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции за понатамошна постапка.

На 31.10.2020 во 18,35 часот во Полициска станица Кичево, С.П.(68) од Кичево пријавил дека на булеварот "Ослободување" бил каснат од куче скитник.

На 31.10.2020 во 23.20 часот на ул. "Лазар Лазарески" во Гостивар патничко моторно возило„БМВ" управувано од 16 годишен малолетник од Гостивар, во кое како совозач бил И.Ј.(18) од Гостивар, удрило во ѕид. По незгодата И.Ј. е пренесен во Медицински центар Гостивар каде од лекар му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 31.10.2020 во 06.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во Јавна здравствена установа Кичево било донесено бебе од страна на мајката А.К.(22) од село Лешница, за укажување на лекарска помош, при што кај бебето била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Увид извршиле јавен обвинител и екипа од Полициска станица Кичево. По наредба на јавен обвинител врз телото ќе биде извршена обдукција.

На 31.10.2020 во 07.05 часот во СВР Тетово, Т.А.(38) од Гостивар пријавил дека во зграда на ул. "Илинденска,, во Гостивар, во која што е управител, во текот на ноќта настанал пожар во стан при што внатре била пронајдена мртва З.А.(65) од Гостивар, а како последица на опожарувањето. Увид на местото на настанот извршил јавен обвинител и екипа од Полициска станица Гостивар.

На 31.10.2020 во 10,40 часот во СВР Скопје,било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" бил донесен повреден Г.Т.(51) од с.Љубанци,скопско кој се повердил околу 10,15 часот додека извршувал работни задачи во фирма во кругот на Железара. На местото на настанот излегла екипа од СВР Скопје и за настанот е известена Трудовата инспекција.

На 31.10.2020 во 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачје на Карпош, М.С.(30) и Д.Љ.(41) двајцата од Скопје го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2020 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Јавната установа за згрижување на деца со нарушено поведение се оддалечил нивниот штитеник Б.П.(14) од Битола. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 31.10.2020 во 16.40 часот во општина Маврово и Ростуше од полициски службеници бил лишен од слобода В.Л.(36) од Гостивар, а постапувајќи по претходна пријава од Љ.Л.(65) од Гостивар. Имено приведениот, според пријавеното, се закanuвал кон пријавителот, кон неговата сопруга и кон сопругата на пријавениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2020 во 01.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ш.Ш.(35) од Скопје пријавил дека на 31.10.2020 околу 22.00 часот на подрачје на Ѓорче Петров Б.З., управувајќи патничко моторно возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки удрил во неговата ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2020 околу 17.00 часот во СВР Скопје, А.Х.(30) пријавил дека додека управувал товарно моторно возило „фолксваген" со тетовски регистарски ознаки во кое имало и други лица, на бул. „Александар Македонски", едно лице со патничко моторно возило „голф" му се приближило и започнало да му упатува навреди, а потоа со оружје испукало во правец на комбето. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.10.2020 околу 20.00 часот во СВР Скопје С.Т. (50) од Скопје пријавил дека на подрачје на Центар, откако претходно се превезувал како патник во такси возило, бил нападнат со тврд предмет од возачот, кој при тоа му одзел пари и мобилен телефон на С.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет